# ПРОМЕНАТА ПОЧНУВА ОД НАС



Ekumenska inicijativa žena

exo

„Објавувањето на оваа публикација видео беше поддржано од Екуменска иницијатива на жени од Омиш, Хрватска. Содржината на оваа публикација  ги одразува само ставовите на нивните автори и не мора да ги претставува официјалните ставови на ЕИЖ.


Добар ден.
Се извинувам
што доцнам.


Зошто ли доцни сега?
Зар брат ти бил кај педагогот?
Ох, пак ли!?


До кога ли вака ќе ме срами?!
Морам веднаш да разговарам со него.


Што се случува со тебе? Зошто постојано правиш проблеми?
Здраво и тебе, Ена.
Беше ли кај педагогот?
Да. Твоите другарки решија така.
Ма, немој!
Им пречев додека ја исмеваа Миа.


...раскажува Дамјан
Ќе јадеш со нас?
Доаѓа анатомскиот скелет!
Фала, не сум гладна.
Анорексична...
Секако дека не си. Тежиш едвај 20 кг.
Аии, дојде ангел - чуварот на Миа.
Ај ве молам погледнете се прво себеси.
Ќе одиш кај педагогот штом се правиш херој!


...продолжува Дамјан со раскажувањето за секојдневните училишни насилства
Пази каде одиш, лузерке.
Научи ли за денес, бубалицо!?
Како си ми денес, лепото?
Те молам остави ме веќе.


Па зар е сето тоа насилство? Така се забавуваме и другаруваме.
Се забавувате повредувајќи ги другите!? Зар е другарство тоа што му го направија на Петар!?
Што се случи со Петар?


...продолжува Дамјан
Снимај брзо, снимај!
Ако го изедам ова ќе бидам дел од нивното друштво.
Само така Петар!
Ајде, ајде, покажи се!
Зар мислиш лесно е да си фраер!?


Конечно ќе бидам прифатен во друштво.
Чекај, што!?
ХАХАХА, видео на годината!!
Одвратно е!
Погледни колку е само наивен.
Бљак... кој идиот, еј!!!
Глупакот помисли ќе може да другарува со нас :D :D :D
Ујј, како можеше да го изеде тоа!?
PIZZA


Треба да внимаваме со социјалните мрежи. Можеше да заврши лошо ако не го најдев типот кој ти пишуваше од лажен профил.
Ти знаеш за тоа?
BLACK IS HAPPY COLOR
Секако дека знам. Го видов како те следи и му реков да стои понастрана од сестра ми. Што ли прават оние кои немаат кој да ги заштити?
Овојпат си моја!


Хехе, типкава не е свесна со кого си има работа!
Mon 30.4.
Здраво ☺
Здраво
Како ти помина денот?
Извини, се познаваме!?
И тоа како те познавам,кукло...
seen
Wed 2.5.
Топ ти беше маичката денес! :D
seen
Mon 7.5.
Се правиш многу јака, а?
seen
Fri 18.5.
До кога мислиш дека ќе ми ги избегнуваш пораките?

...неколку дена подоцна




Инспирирана од сторијата на брат ѝ, Ена подготви презентација во која зборуваше како да го препознаеме насилството и како да се заштитиме самите, но и другите околу нас. Исто така, изработи инфо флаери за различните видови насилство кои ги подели на соклесниците.


Успешната презентација
Ена ја заокружи со пораката:
ПРОМЕНАТА најпрво ПОЧНУВА ОД НАС!
Ти благодариме на пораката,Ена. Да се менуваме и да делуваме сите!!!
Ви благодарам за вниманието и поддршката.
Фала ти, девојче!
Во право е!
Браво, сестро!




ЕХО Едукативно-хуамнитерна организација
ул. Христијан Карпош бр.6/4 Штип

Стрипот го изработија:



Илустрациите ги подготви Теодора Ѓорѓиева

Текстот е на Матеја Богдан





Технички го обработи Викторија Милорадова

Ekumenska inicijativa žena

exo

„Екуменска иницијатива на жени (ЕИЖ) е хрватска непрофитна организација која преку својата програма за финансиска поддршка поддржува проекти и развој на основни организации водени од жени и теолози во Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија. ЕИЖ е посветена на зајакнување на улогата на жените во зајакнувањето на граѓанскиот и меѓурелигискиот дијалог и потенцијалот на религијата како позитивен фактор во општествените промени преку градење мир и помирување. Со оглед на неговиот регионален профил, ЕИЖ им дава можност на активистите од својата мрежа да се сретнат и да споделат искуства со цел да се зголеми видливоста на нивната работа и поголем пристап до ресурсите.

